ХУМАНИ ОДНОСИ

Бр. 03 - 02/1
20.01. 2023 год
Крушево

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# НВО ЦЕНТАР ЗА ХУМАНИ ОДНОСИ ЗА 2023 год.

Предлага,

Андигона Ангелеска, во функција на претседател на НВО „Центар за хумани односи„ - Крушево

Усвојува –

У.О на НВО Центар за хумани односи

Во 2023 година фокусот на активностите на НВО Центар за хумани односи, одново ќе биде ставен на три главни активности.

I –Програми за млади

Учество на претставници на НВО „Центар за хумани односи„ во активностите кои ги планира и спроведува општина Крушево во делот на обуки на НВО и ГО, активности поврзани со акции на млади посебно на работата и мониторин на програмите за спорт, социјала и образование, како и вклучување на родовите аспекти во Буџетите на општина Крушево и Совет на општина Крушево и реализација на младинска стратегија на локално ниво. Учество на наши членки на повиците за фокус групи по прашања поврзани за младите и нивниот граѓански ангажман. Посебно ќе се посветиме на младите со потешкотии во развојот и развојот на нивните вештини преку менторство и креативни методи во спортот и културата.

II – Партнерства и логистика

Логистика на сите активности поврзани со набљудувањето на евентуалните изборни процеси. Вклучување во реализација на заеднички активности со досегашните партнери. Логистика во активностите на здружението на пензионери на Крушево, посебно во делот на користење на нови технологии, интернет, фејсбук. Најзначајно е сепак партнеството и лидерството во платформата за развој на туризам FeelKrusevo и СОУ „Наум Наумоски – Борче„ како и со Домот на културата при реализација на нивни активности.

III –Образовни политики

Учество во креирање на програми и проекти за инклузија во образовниот процес на лица со потешкотии во развојот и аплицирање на повици самостојно или со партнерство. Следење на програмата на Еразмус + во делот на образовните политики на млади од различни етнички заедници, како влашката и албанската и соработка со општинските основни и средни училишта на тема мобилност на учениците и наставниците и реализација на волонтерски акции.

Заради големиот број згрижувачки семејства во општина Крушево, реализиран е проект поддржан од Цивика Мобилитас со наслов Инклузија во аедницата како резултат на кој се формира НЕФОРМАЛНА ЗАЕДНИЦА НА ЗГРИЖУВАИ ВО ОПШТИНА КРУШЕВО. И 2022 во нивно име, за нивно здружување, заради оставрувања на нивните права, ќе ги следиме повиците кои се поврзани со целта на нивно здружување.

Крушево, 2о.01.2023 г.

ЦЕНТАР ЗА ХУМАНИ ОДНОСИ КРУШЕВО